**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 17,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Благој Зашов, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Благој Зашов:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места, како би можеле да продолжиме со работа.

Ги молам службите да избројат колку пратеници се во салата за да ја констатираме состојбата.

Продолжуваме со работа по 42-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Никола Рилкоски, Лазар Китановски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Зоран Витанов, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети, Фазли Велију, Зумрете Јакупи, Валентина Божиновска, Данаил Дончев, Горан Мисовски, Томе Дамески и Цветко Грозданов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција**

Предлогот на законот, извештаите на работните тела и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачот на законот поднесе амандмани на член 4 за менување на ставовите 6 и 7 и за додавање два нови ставови 8 и 9 по ставот 7, член 5 точки 2, 7, 11 и 25, член 5 точка 16, член 12 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, член 13, член 15 и за додавање пет нови ставови 2, 3, 4, 5 и 6 по ставот 1, член 17 за додавање нов став 5 по ставот 4, член 18 став 1 за додавање нова алинеја 3 по алинеја 2, член 19 став 2, член 21 алинеи 2 и 6, член 22 став 2, член 26 став 2 и на член 35 став 2 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Предлагачот на законот поднесе амандмани на член 2 став 1, член 4 став 3 за менување на ставовите 6 и 7 и за додавање два нови ставови 8 и 9 по ставот 7 и на член 15 и за додавање три нови ставови 2, 3 и 4 и истите ги повлече, поднесени под архивски број 07-1591/23 од 29 мај 2007.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандман на член 14 став 2, член 15, член 18 став 1 за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1, член 18 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5, член 21 алинеја 1 и за бришење на членовите 23, 35, 36 и 38 по кои претставникот на предлагачите не се произнела.

Пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска, поднесоа амандмани на член 4 ставови 6 и 7, член 2 став 1, член 5 за додавање нова точка 1-а по точката 1 и на точките 7 и 25, член 6 ставови 1 и 2, член 6 став 4, член 13, член 15 и за додавање два нови ставови 2 и 3 по ставот 1, член 18 став 1 за додавање две нови алинеи 2 и 3 по алинеја 1, за додавање нов член 30-а по членот 30, член 35 став 1 и на член 37, по кои претставникот на предлагачот не се произнел.

Пратениците Роза Топузова Каревска, Јован Манасијевски и Слободан Најдовски поднесоа амандмани на член 15 и на член 19 став 2 по кои претставникот на предлагачите не се произнел.

Пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска поднесе амандмани на член 35 став 2 и на член 36 став 2 по кои претставникот на предлагачите не се произнел.

Пратениците Роза Топузова Каревска и Јован Манасијевски поднесоа амандмани на член 5 точка 11 и на член 11, по кои претставникот на предлагачите не се произнел.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поденсе амандмани на член 5 точка 16, член 5 точка 18, член 5 за бришење на точка 23 и на член 12 за бришење на став 2, по кои претставникот на предлагачите не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Процедурално за збор се јавува господинот Рафис Алити.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Да не се погрешно разбереме, ние како парламентарна група на време го информиравме предлагачот на овој Предлог закон дека ќе го подржиме овој закон за илустрација и остануваме на тој став. Но, бидејќи има и амандмани од страна на Владата и од страна на пратениците, на нас ни требаат дополнителни консултации во оваа насока.

Велам, има поднесено амандмани кои есенцијално ја менуваат суштината на законот и токму поради тоа во име на парламентарната група на ДУИ, барам еден час пауза.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Бидејќи бараната пауза се поклопува со крајот на работното време на Собранието, овде го заклучувам претресот и објавувам прекин на седницата.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со седница со пратенички прашања.

(Седницата прекина во 17,36 часот)